**ОБЕДИНЕТИ НАЦИИ**

Меѓународен суд за кривично гонење на лица одговорни за тешки кршења на меѓународното хуманитарно право извршени на територијата на поранешна Југославија од 1991 година

Предмет бр.: ИТ-04-82- А

Датум: 19. мај 2009

Оригинал: англиски

**ПРЕД ЖАЛБЕНИОТ СОВЕТ**

**Пред:** **Судија Патрик Робинсон, Претседавач**
**Судија Мехмед Гунеј**
**Судија Лиу Дакун**
**Судија Андресиа Ваз**
**Судија Теодор Мерон**

**Секретар:** **г. Џон Хокинг**

**Датум на поднесување:** **19. мај 2009**

**ОБВИНИТЕЛОТ**

**против**

**Љубе БОШКОСКИ**
**Јохан ТАРЧУЛОВСКИ**

***ЈАВНО***

# РЕШЕНИЕ ПО БАРАЊЕТО НА ОДБРАНАТА НА БОШКОСКИ ЗА ОТСТРАНУВАЊЕ НА ПАРАГРАФИ ОД ЖАЛБЕНИОТ ПОДНЕСОК НА ОБВИНИТЕЛСТВОТО

**Канцеларија на Обвинителот:**

г. Пол Роџерс

**Бранители на Љубе Бошкоски:**

г-ѓа Едина Решидовиќ
г. Гуенел Метро

**Бранители на Јохан Тарчуловски:**

г. Алан М. Дершовиц
г. Натан З. Дершовиц
г. Антонио Апостолски
г. Јордан Апостолски

1. Жалбениот совет при Меѓународниот суд за кривично гонење на лица одговорни за тешки кршења на меѓународното хуманитарно право извршени на територијата на поранешна Југославија од 1991 година (понатаму во текстот по горенаведниот редослед: Жалбен совет и Меѓународен суд) решава по жалби и на Обвинителството и на Јохан Тарчуловски против Пресудата во овој предмет на Судскиот совет II, донесена на 10. јули 2008 (понатаму во текстот Судска пресуда).[1] Исто така, решава по „Барањето на Одбраната на Бошкоски за отстранување на параграфи од Жалбениот поднесок на Обвинителството", поднесено на 1. декември 2008 (понатаму во текстот Барање за отстранување). На 11. декември 2008, Обвинителството го поднесе својот одговор на Барањето за отстранување.[2] Подоцна, на 15. декември 2008, Љубе Бошкоски (понатаму во текстот Бошкоски) одговори на Одговорот на Обвинителството на Барањето.[3]

## А. Аргументи на страните

2. Во Барањето за отстранување, Бошкоски тврди дека параграфите 1, 2, 3, 93 и 99 од Жалбениот поднесок на Обвинителството содржат сериозно погрешни изјави или погрешни претставувања на заклучоците на Судскиот совет.[4] Бошкоски бара Жалбениот совет да ги отстрани овие параграфи и „да му наложи на Обвинителството повторно да го поднесе својот поднесок без оспоруваните параграфи", или „да наложи оспоруваните параграфи да не сочинуваат дел од оваа жалба". Алтернативно, Бошкоски предлага Жалбениот совет да укаже дека нема да ги земе предвид овие погрешни претставувања за целите на жалбата.[5]

3. Бошкоски тврди дека одобрувањето на Барањето за отстранување ќе допринесе за осигурување на правична и експедитивна постапка, и дека неточните аргументи кои се содржат во Жалбениот поднесок нема да одземат време на Меѓународниот суд во тек на жалбениот претрес.[6] Понатака, Бошкоски тврди дека доколку Жалбениот совет одлучи да не се занимава со ова прашање во оваа фаза, треба да го земе предвид кога ќе се занимава со

---

[1] Жалбен поднесок на Обвинителството, 20. октомври 2008 (понатаму во текстот Жалбен поднесок). Поднесок на Јохан Тарчуловски, 12. јануари 2009.

[2] Одговор на Обвинителството на Барањето на Одбраната на Бошкоски за отстранување на параграфи од Жалбениот поднесок на Обвинителството, 11. декември 2008 (понатаму во текстот Одговор на Обвинителството на Барањето)

[3] Реплика на Одбраната на Бошкоски во однос на Барањето за отстранување на делови од Жалбата на Обвинителството, 15. декември 2008 (понатаму во текстот Реплика)

[4] Барање за отстранување, параграф 8.

[5] Барање за отстранување, параграф 9. Види исто така Реплика, параграф 34.

[6] Барање за отстранување, параграф 35.

меритумот на жалбата, кога што Жалбениот совет може по кратка постапка да ги отфрли тие основи за жалба кои што погрешно ги претставуваат заклучоците на Судскиот совет.[7]

4. Во однос на подробностите на наводните погрешни претставувања, Бошкоски тврди дека во параграф 1 од Жалбениот поднесок погрешно се тврди дека Судскиот совет заклучил дека Бошкоски имал ефективна контрола над извршителите на злосторствата, додека всушност заклучокот бил ограничен на тоа дека Бошкоски се сметал за надреден на полицијата во општ смисол.[8] Бошкоски тврди дека во параграф 2 од Жалбениот поднесок, Обвинителството погрешно го цитирал Судскиот совет дека рекол дека органите на Министерството за внатрешни работи биле надлежни „за истражување и пријавување на кривични дела“ а не за „спречување и откривање на кривични дела“.[9] Конечно, Бошкоски тврди дека спротивно на наводите на Обвинителството во параграфи 3 и 93 од Жалбениот поднесок, Судскиот совет не заклучил дека Бошкоски во околностите имал вистинска можност да поведе дисциплински постапки и не заклучил дека тој не ја исполнил својата должност колку што е релевантно за дисциплинската постапка.[10]

5. Обвинителството одговара дека во Жалбениот поднесок точно се одразува Судската пресуда и дека Барањето за отстранување треба да се отфрли.[11] Обвинителството тврди дека сите освен еден од оспоруваните параграфи се наоѓаат во деловите „Преглед“ и „Заклучок“, и поради тоа се резиме на оперативниот дел од Жалбениот поднесок.[12]

6. Во однос на конкретните аргументи на Бошкоски, Обвинителството тврди дека во параграф 1 од Жалбениот поднесок точно е одразен заклучокот на Судскиот совет дека Бошкоски имал „ефективна контрола“ над оние одговорни за извршување на злосторствата.[13] Во однос на параграф 2 од Жалбениот поднесок, Обвинителството тврди дека наводот за погрешно претставување е погрешно наведен и дека Бошкоски „вовел аргумент кој се врти околу семантика“.[14] Најпосле, Обвинителството тврди дека различната интерпретација дадена од Бошкоски во однос на заклучоците на Судскиот совет за неговата вистинска можност да поведе дисциплински постапки допира до меритумот на жалбата и поради тоа е погрешно наведена во Барањето за отстранување.[15]

---

[7] Барање за отстранување, параграф 36 (нагласокот е изоставен).
[8] Барање за отстранување, параграф 12.
[9] Барање за отстранување, параграфи 22-23 (нагласокот на Бошкоски е изоставен; внатрешните цитати се изоставени).
[10] Барање за отстранување, параграф 31. *Види* исто така Реплика, параграфи 7-8, 22-26, 30-33.
[11] Одговор на Обвинителството на Барањето, параграфи 1, 26.
[12] Одговор на Обвинителството на Барањето, параграф 2.
[13] Одговор на Обвинителството на Барањето, параграфи 5-18.
[14] Одговор на Обвинителството на Барањето, параграф 21.
[15] Одговор на Обвинителството на Барањето, параграф 24.

## Б. Дискусија

7. Суштината на тврдењето на Бошкоски е дека Жалбениот поднесок содржи неколку погрешни претставувања или погрешни изјави на Судскиот совет. Жалбениот совет потсетува дека ги извршува својот мандат врз основа на Член 25 од Статутот, и зависи од фокусираните придонеси на страните. Поради тоа е обврска на страните да го претстават својот случај јасно, логично и детално за Жалбениот совет да може да го исполни својот мандат на ефикасен и експедитивен начин.[16] При презентирање на аргументите во жалбата, страните мора да обезбедат прецизни референци на релевантни страници или параграфи од стенограмот од пресудата што се оспорува.[17]

8. Жалбениот совет повеќепати наведе дека има инхерентно дискреционо овластување да одреди кои од аргументите на страните заслужуваат разумно образложение во писмена форма и дека може да отфрли аргументи кои се евидентно неосновани без да даде детално образложение во писмена форма во одлука во жалбена постапка.[18] На пример, Жалбениот совет може да по кратка постапка да отфрли аргументи доколку се нејасни или неточни или имаат други формални и очигледни недостатоци.[19] Особено, аргументите кои погрешно ги

---

[16] *Обвинителот против Драгољуб Кунарац, Радимир Ковач и Зоран Вуковиќ*, Предмет бр. ИТ-96-23 и ИТ-96-23/1-А, Одлука во жалбената постапка, 12. јуни 2002 (понатаму во текстот Одлука во жалбената постапка во *Кунарац*), параграф 43.

[17] Процедурално упатство за Службените услови за Жалби на Пресуда, ИТ/201, 7. март 2002 (понатаму во текстот Процедурално упатство за Службени барања за Жалби) параграф 5(в); ***Види Обвинителот против** Младен Налетилиќ, со надимак Тута и Винко Мартиновиќ, со надимак Штела*, Предмет бр. ИТ-98-34-А, Одлука во жалбена постапка, 3. мај 2006, параграф 14.

[18] *Обвинителот против Видоје Благојевиќ и Драган Јокиќ*, Предмет бр. ИТ-02-60-А, Одлука во жалбена постапка, 9. мај 2007 (понатаму во текстот Одлука во жалбената постапка во *Благојевиќ и Јокиќ*), параграф 11; *Обвинителот против Радослав Брѓанин*, Предмет бр. ИТ-99-36-А, Одлука во жалбената постапка, 3. април 2007 (понатаму во текстот Одлука во жалбената постапка во *Брѓанин*), параграф 16; *Обвинителот против Станислав Галиќ*, Предмет бр. ИТ-98-29-А, Одлука во жалбената постапка, 30. ноември 2006 (понатаму во текстот Одлука во жалбената постапка во *Галиќ*), параграф 12; *Обвинителот против Миломир Стакиќ*, Предмет бр. ИТ-97-24-А, Одлука во жалбената постапка, 22. март 2006 (понатаму во текстот Одлука во жалбената постапка во *Стакиќ*), параграф 13; *Обвинителот против Митар Васиљевиќ*, Предмет бр. ИТ-98-32-А, Одлука во жалбената постапка, 25. февруари 2004 (понатаму во текстот Одлука во жалбената постапка во *Васиљевиќ*), параграф 11; Одлука во жалбената постапка во *Кунарац*, параграф 48.

[19] *Обвинителот против Момчило Крајишник*, Предмет бр. ИТ-00-39-А, Одлука во жалбената постапка, 17. март 2009 (понатаму во текстот Одлука во жалбената постапка во *Крајишник*), параграф 16; *Обвинителот против Милан Мартиќ*, Предмет бр. ИТ-95-11-А, Одлука во жалбената постапка, 8. октомври 2008 (понатаму во текстот Одлука во жалбената постапка во *Мартиќ*), параграф 14; *Обвинителот против Павле Стругар*, Предмет бр ИТ-01-42-А, Одлука во жалбената постапка, 17. јули 2008 (понатаму во текстот Одлука во жалбената постапка во *Стругар*), параграф 16; *Обвинителот против Насер Ориќ*, Предмет бр ИТ-03-68-А, Одлука во жалбената постапка, 3. јули 2008 (понатаму во текстот Одлука во жалбената постапка во *Ориќ*), параграф 14; *Обвинителот против Фатмир Лимај, Харадин Бала и Исак Муслиу*, Предмет бр. ИТ-03-66-А, Одлука во жалбената постапка, 27. септември 2007 (понатаму во текстот Одлука во жалбената постапка во *Лимај*), параграф 15; Одлука во жалбената постапка во *Благојевиќ и Јокиќ*, параграф 11; Одлука во жалбената постапка во *Галиќ*, параграф 11; Одлука во жалбената постапка во *Стакиќ*, параграф 12; Одлука во жалбената постапка во *Васиљевиќ*, параграф 12; Одлука во жалбената постапка во *Кунарац*, параграф 43.

претставуваат фактичките заклучоци на Судскиот совет, како што тврди Бошкоски во овој случај, можат да се отфрлат без какво било детално образложение во писмена форма.[20]

9. Жалбениот совет понатаму забележува дека Бошкоски ја прифатил надлежноста на Жалбениот совет по кратка постапка да ги отфрли основите за жалба кои погрешно ги претставуваат заклучоците на Судскиот совет или доказите на кои се потпирал Судскиот совет.[21] При тоа, тој наведува на утврден принцип од судската пракса на Жалбениот совет.[22] Понатака, Бошкоски експлицитно го повикува Судскиот совет да го разгледа прашањето во фаза на решавање на меритумот.[23]

10. Земајќи го предвид погоре споменатото, Жалбениот совет не заклучува дека има доволно основи да се оправда отстранувањето на оспоруваните параграфи во Жалбениот поднесок во оваа фаза. Нема да ги отстрани деловите од аргументите на Обвинителството на основа дека тие не се во согласност со интерпретацијата на Бошкоски на Судската пресуда.[24] Такви аргументи се однесуваат на меритумот на жалбата. Слично на тоа, дали аргументите на Обвинителството претставуваат интерпретација или алтернативно, погрешно претставување на Судската пресуда не треба да се разгледува во оваа фаза. Понатака, спротивно на поднесоците на Бошкоски во Барањето за отфрлање,[25] детална анализа на овие прашања во оваа фаза нема да ја забрза постапката.

11. Во согласност со тоа Жалбениот совет одбива во овој момент да одлучи дали Жалбениот поднесок содржи погрешни претставувања или погрешни изјави како што тврди Бошкоски. Наместо тоа, ќе ги земе предвид аргументите на страните во однос на овие прашања кога ќе се занимаваат со меритумот на жалбата.

12. Најпосле, Жалбениот совет смета дека аргументите кои се дадени како поддршка за Барањето за отстранување требало посоодветно да се покренат во Одговорот на жалба на

---

[20] Одлука во жалбена постапка во *Крајишник*, параграф 18; Одлука во жалбена постапка во *Мартиќ*, параграф 18; Одлука во жалбена постапка во *Стругар*, параграф 20; Одлука во жалбена постапка во *Ориќ*, параграф 13; Одлука во жалбена постапка во *Благојевиќ и Јокиќ*, параграф 11, Одлука во жалбена постапка во *Кунарац*, параграф 48.

[21] Барање за отстранување, параграф 36.

[22] Одлука во жалбената постапка во *Брѓанин*, параграф 23; Одлука во жалбената постапка во *Мартиќ*, параграф 18, Одлука во жалбената постапка во *Стругар*, параграф 146 *in fine*; Одлука во жалбената постапка во *Галиќ*, параграфи 292, 300, 302.

[23] Барање за отстранување, параграф 36.

[24] *Обвинителот против Видоје Благојевиќ и Драган Јокиќ*, Предмет бр. ИТ-02-60-А, Решение по барањето на Драган Јокиќ за отстранување или повторно подготвување на делови од изменетиот консолидиран одговор на жалба на Обвинителството, 27. септември 2006, параграф 10.

[25] Барање за отфрлање, параграф 35.

Бошкоски, кој беше поднесен на истиот ден[26] како и Барањето за отстранување, бидејќи се однесуваат на меритумот на оваа жалба.

**В. Диспозитив**

13. Од тие причини, Жалбениот совет го **ОДОБРУВА** Барањето за отстранување во однос на барањето Жалбениот совет да ги земе предвид прашањата покренати во него кога ќе се занимава со меритумот на оваа жалба.

14. Остатокот од Барањето за отстранување се **ОДБИВА**.

Составено на англиски и на француски, при што англиската верзија е меродавна.

(своерачен потпис на оригиналот)

Судија Патрик Робинсон

Претседавач

На ден, 19. мај 2009

Во Хаг
Холандија

**[Печат на Меѓународниот суд]**

[26] Одговор на жалба на Одбраната на Бошкоски, 1. декември 2008.